## ПОСИЛЕН СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН

## ПРЕПОРАКИ ОД СОЦИЈАЛНИТЕ ПАРТНЕРИ ВО ВРСКА СО ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗАШТИТАТА ПРИ РАБОТА ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН

**Проектните партнери кои учествуваат во овој проект, организациите на работодавачи од: Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија, Црна Гора, Република Српска и Србија се согласија заедно да организираат конференција во која земаа учество сите држави партнери на проектот држави за да ги истакнат вложените напори во процесот на подобрување на условите за работа на работното место. Поголемиот дел од партнерите истакнаа дека законската рамка во овие држави е во согласност со ЕУ директивите но сепак сеуште постои можност за подобрување. Како круцијален проблем кои го идентификуваа партнерите е недостатокот од соодветни информации и знаења, поврзани со имплементирање на стандардите за безбедност и здравје на работното место како за вработените така и за работодавачите. Сите извештаи покажаа дека состојбите во земјите партнери на проектот се подобрени и индикатор за тоа е намалувањето на бројот на повреди на работното место од година во година. Сите социјални партнери се согласија дека има простор за заедничка соработка и подобрување на состојбите во следниот период. Сите партнери истакнаа дека инвестицијата за подобрување на условите и безбедноста на работното место, можеби е трошок за работодавачот, но секако долгорочно гледано најголем бенефит од таа инвестиција има самиот работодавач.**

Секако на сите засегнати страни им е јасно дека и работниците и работодавачите треба да бидат повеќе вклучени во имплементацијата на мерките за безбедност при работа и дека двете страни имаат свои обврски и права. Во насока на подобрување на состојбата во сите земји учеснички во проектот, идентификувано е дека е потребно дополнително образование, трансфер на добри практики и подобра соработка помеѓу сите партнери во општеството.

Во насока на постигнување на видливи подобрувања во оваа област потребно е да:

o Продолжување на хармонизацијата на позитивното законодавство во сите држави со ЕУ Директивите и Конвенциите на МОТ

o Зајакнување на влијанието на инспекторатот за Труд за да можат превентивно и едукативно да делуваат

o Континуирано подобрување на подигнување на свесноста кај работниците и кај работодавачите за значењето на безбедноста и здравјето на работното место, најмногу заради намалување на повредите на работното место

o Свесноста за значењето на безбедноста и здравјето во основните и средните училишта, преку запознавање со оваа тема со вметнување во некој од наставните предмети и тоа посебно во средните стручни училишта, за да можат учениците да стекнат знаење како да се однесуваат на работното место

o Подобрување и донесувањето на Законот за безбедност и здравје при работа во некои држави и можност за изменување и дополнување на одредени амандмани кои ја регулираат оваа област

o Континуирано зајакнување на трипартитниот дијалог помеѓу социјалните партнери за промоција на безбедност и здравје при работа

o Спроведување на постојана обука на: работодавачите, работниците, државните службеници и вработените во инспециските органи

o Подигнување на свеста кај јавноста за оваа тема преку соработка со медиумите

Stronger Social Dialog in Western Balkan Countries 2
is financed by European Commission